**Акционерско друштво за производство и промет на вино**
**ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД - Кавадарци**

TIKVEŠ
SINCE 1885

# СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
# ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци
# 11.11.2025 година (вторник)

**Ноември 2025, Скопје**

Врз основа на член 34 и 35 од Статутот на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт – импорт АД – Кавадарци се објавува

Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД
Бр. 02-1822/7
08.10 2025 год.
КАВАДАРЦИ

# ЈАВЕН ПОВИК
# ЗА СВИКУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ
# СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА
# ВВ - ТИКВЕШ АД - Кавадарци

Седница на Собрание на акционери на ВВ - ТИКВЕШ АД - Кавадарци ќе се одржи на **11.11.2025 година (вторник)** во **12:00 часот** во деловните простории на друштвото во Скопје на улица Димче Беловски бр.2, Гази Баба - Скопје.

За работа на Собранието се предлага следниот

## ДНЕВЕН РЕД

1. **Избор на председавач и работни тела**
2. **Усвојување Записник од Собрание на акционери од 30.05.2025 година**
3. **Донесување Одлука за откуп на удели во трговски друштва**
4. **Донесување Одлука за одобрување на задолжување**
5. **Донесување Одлука за определување надоместок на членовите на Надзорниот одбор на друштвото**

Во работата на собранието можат да учествуваат и да ги остваруваат своите права и интереси сите акционери лично или преку овластени претставници и застапници именувани за остварување на сите или извесни права на управување со полномошно за застапување заверено од нотар.

Услов за учество во работата на собранието е пријавување на акционерот или овластениот преставник или застапник со полномошно за преставување и застапување на акциите најдоцна пред почеток на одржувањето на седницата на собранието.

Собранието одлучува само за прашања утврдени во Дневниот ред.

Вклучување нови точки во дневниот ред, предлагање одлуки и поставување на прашања може да се врши по писмен пат согласно член 390 од Законот за трговски друштва во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за одржување седница на собранието со барање за вклучување на нови точки во дневниот ред и поставување на прашања доставени до друштвото.

Гласањето на собранието може да се врши од акционерот лично или од полномошникот на седницата.

Материјалите за работа на седницата на Собранието ќе бидат ставени на увид на акционерите по објавувањето на овој повик во просториите на Правната служба на Друштвото во седиштето на Подружница Управа во Скопје на ул.Димче Беловски бр.2, Гази Баба, Скопје секој работен ден од 8 до 10 часот.

Материјалите се достапни и на официјалната интернет страница на друштвото www.tikves.com.mk

ВВ - ТИКВЕШ АД - Кавадарци

Врз основа на член 32,34,35,50,53 и 55 од Статутот на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД – Кавадарци, Надзорниот Одбор на седница одржана на ден 08.10.2025 година ја донесе следната:

Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД
Бр. 02-1822/5
08.10 2025 год.
КАВАДАРЦИ

**О Д Л У К А**
**за свикување на Собрание на акционери**
**на ВВ - ТИКВЕШ АД – Кавадарци**

1. СЕ СВИКУВА Собрание на акционери на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД – Кавадарци на ден **11.11.2025 година (вторник)** во **12:00 часот** во деловните простории на друштвото во Скопје на улица Димче Беловски бр.2, Гази Баба – Скопје.

2. За Собранието на акционери на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД – Кавадарци се предлага следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. **Избор на председавач и работни тела**
2. **Усвојување Записник од Собрание на акционери од 30.05.2025 година**
3. **Донесување Одлука за откуп на удели во трговски друштва**
4. **Донесување Одлука за одобрување на задолжување**
5. **Донесување Одлука за определување надоместок на членовите на Надзорниот одбор на друштвото**

3. За свикување на Собранието на акционери на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД – Кавадарци да се подготви Јавен повик за свикување и одржување на Собрание на акционери на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА –ТИКВЕШ експорт –импорт АД – Кавадарци и да се објави во најмалку еден дневен весник на територија на Република Северна Македонија.

4. Одлуката стапува на сила веднаш со донесувањето

ВВ - ТИКВЕШ АД - Кавадарци
Претседател на Надзорен Одбор
Јане Јаневски

Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД

# Комерцијален оглас

нова Македонија

Врз основа на член 34 и 35 од Статутот на Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА - ТИКВЕШ експорт – импорт АД – Кавадарци се објавува

**ЈАВЕН ПОВИК
ЗА СВИКУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ
СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА
ВВ - ТИКВЕШ АД - Кавадарци**

Седница на Собрание на акционери на ВВ - ТИКВЕШ АД - Кавадарци ќе се одржи на **11.11.2025 година (вторник)** во **12:00** часот во деловните простории на друштвото во Скопје на улица Димче Беловски бр.2, Гази Баба - Скопје.

За работа на Собранието се предлага следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. **Избор на претседавач и работни тела**
2. **Усвојување Записник од Собрание на акционери од 30.05.2025 година**
3. **Донесување Одлука за откуп на удели во трговски друштва**
4. **Донесување Одлука за одобрување на задолжување**
5. **Донесување Одлука за определување надоместок на членовите на Надзорниот одбор на друштвото**

Во работата на собранието можат да учествуваат и да ги остваруваат своите права и интереси сите акционери лично или преку овластени претставници и застапници именувани за остварување на сите или извесни права на управување со полномошно за застапување заверено од нотар.

Услов за учество во работата на собранието е пријавување на акционерот или овластениот преставник или застапник со полномошно за преставување и застапување на акциите најдоцна пред почеток на одржувањето на седницата на собранието.

Собранието одлучува само за прашања утврдени во Дневниот ред.

Вклучување нови точки во дневниот ред, предлагање одлуки и поставување на прашања може да се врши по писмен пат согласно член 390 од Законот за трговски друштва во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за одржување седница на собранието со барање за вклучување на нови точки во дневниот ред и поставување на прашања доставени до друштвото.

Гласањето на собранието може да се врши од акционерот лично или од полномошникот на седницата.

Материјалите за работа на седницата на Собранието ќе бидат ставени на увид на акционерите по објавувањето на овој повик во просториите на Правната служба на Друштвото во седиштето на Подружница Управа во Скопје на ул.Димче Беловски бр.2, Гази Баба, Скопје секој работен ден од 8 до 10 часот.

Материјалите се достапни и на официјалната интернет страница на друштвото www.tikves.com.mk

**ВВ - ТИКВЕШ АД - Кавадарци**

# ДНЕВЕН РЕД

за работа на Собранието на акционери на ВВ-ТИКВЕШ АД-Кавадарци
на 11.11.2025 година

1. Избор на председавач и работни тела
2. Усвојување Записник од Собрание на акционери од 30.05.2025 година
3. Донесување Одлука за откуп на удели во трговски друштва
4. Донесување Одлука за одобрување на задолжување
5. Донесување Одлука за определување надоместок на членовите на Надзорниот одбор на друштвото

**Усвојување Записник од Собрание на акционери од 30.05.2025 година**

ОДУ број 1684/25
**ИЗВОД**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**НОТАР**
**АНА ДОЈЧИНОВСКА**
За подрачјето на основните судови
на градот Скопје
Ул.Кеј 13-ти Ноември бр.2-2, кат2, ГТЦ

Во Скопје, на 30.05.2025 (триесети мај две илјади и дваесет и петта) година
Во 12:00 (дванаесет) часот

## НОТАРСКИ АКТ

Јас **Нотар Ана Дојчиновска** од Скопје, со службено седиште на ул. Кеј 13-ти Ноември бр. 2-2 кат 2, ГТЦ Скопје, потврдувам дека денес на 30.05.2025 (триесети мај две илјади и дваесет и петта) година на Покана од **Акционерско друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД-Кавадарци**, со седиште на ул. 8-ми Септември бр. 5, Кавадарци, со ЕМБС 5275890, да присуствувам на седница на Собрание на акционери на ден 30.05.2025 (триесети мај две илјади и дваесет и петта) година, со почеток во 12:00 (данаесет) часот,во седиштето на подружницата Управа во Скопје, на ул. Димче Беловски бр.2 Гази Баба, Скопје, заради превземање на службено дејствие согласно член 92 од Законот за нотаријат и член 384, 385, 386 и 407 од Законот за трговски друштва, а во врска со член 298 од истиот закон, како повикан Нотар да потврдам Одлуки на Собрание на друштвото, поради што го сочинив следниот-----------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------**З А П И С Н И К**------------------------------------------------------
-------------------------------------од седница на Собрание на акционери на ------------------------------------
**-------------------Акционерско Друштво за производство и промет на вино-----------------------**
**--------------------------------------ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ,**-------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред почетокот на Собранието на друштвото на мое барање ми беа предочени:-----------------
Тековна состојба **на Акционерско Друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА -ТИКВЕШ експорт-импорт АД-Кавадарци**, со седиште на ул. 8-ми Септември бр. 5, Кавадарци, со ЕМБС 5275890**,** издадена од Централен Регистар на РСМ на ден 30.05.2024 година, под деловоден број 0805-50/150020250208954 (прилог на овој записник).------------------------------------------------------------------------------------------------------
Акционерска Книга на Друштвото на ден 29.05.2025 (дваесет и деветти мај две илјади и дваесет и четврта) година од Централен Депозитар за хартии од вредност АД Скопје, која се води под ISIN: MKVVTK101013 (прилог на овој записник), од која утврдив дека Издавачот **Акционерско Друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА -ТИКВЕШ експорт-импорт АД-Кавадарци,** издало акции и тоа: Вид: Обични акции; Номинална вредност по ХВ: 51.13 EUR; Вкупен број на ХВ: 270450; Вкупен номинален капитал: 13828108.5 EUR; Број на гласови: 270450, Состојба: Активен; Број на иматели: 413; Број на сопственички позиции: 417. ------------------------------------------------------------------------------------
Јавен повик објавен во дневното гласило: “Нова Македонија”, објавен на 29.04.2025 година со кои се повикуваат акционерите да присуствуваат на собранието кое е закажано за

30.05.2025 година со следниот дневен ред (прилог на овој записник) ------------------------
Утврдив дека на седницата на Собранието се присутни акционерите: --------------------------------
1.Миле Бундовски, имател на 273 акции со право на глас во Собранието. ---------------------------
2. Скопско Груп ДООЕЛ Кавадарци имател на 7581 акции со право на глас во Собранието преку полномошник Мартин Мијовски - прилог полномошно-------------------------------------------
3. М-6 ДОО Скопје, имател на 216589 акции со право на глас во Собранието, преку полномошник Јелена Каранфилова - прилог полномошно-------------------------------------------
4. Љупчо Крстевски, имател на 2545 акции со право на глас во Собранието ----------------------
5. Димитар Пети, имател на 273 акции со право на глас во Собранието. ---------------------------
6. Сава Пензиски Фонд, отворен задолжителен фонд, имател на 6740 акции, со право на глас во Собранието, преку полномошник Јулија Грнчаревска. ------------------------------------
7. Сава пензија плус, отворен доброволен пензински фонд, имател на 3906 акции, со право на глас во Собранието, преку полномошник Јулија Грнчаревска. ---------------------------------
8. Тихомир Атанасовски, имател на 4643 акции со право на глас во Собранието. ----------------
9. Ангеле Чолески, имател на 2967 акции со право на глас -----------------------------------------
10.Горан Марковски, имател на 320 акции со право на глас во Собранието ------------------------
На седницата на собранието покрај акционерите присутни се: претставници од Друштвото Мур Стивенс ДОО Скопје, Оливера Ставрова Менаџер за финансии на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци, Коце Ивановски – Комерцијален директор на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци и вработени во друштвото ---------------------------------------------------------------------------------
Седницата на Собранието започна во 12:00 (дванаесет) часот.---------------------------------------
Од наведениот список, по неговата верификација утврдив дека на седницата на Собранието се присутни акционери и полномошници на акционери со вкупен број на гласови 245837, што претставува 90,89 % од вкупниот број на акции со право на глас во Собранието------------------
Список на присутни акционери со број на акции-прилог.--------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
Г-дин Мартин Мијовски ја отвори седницата и констатираше дека Собранието го има потребниот кворум за работа и за донесување полноважни одлуки бидејќи од вкупниот број на акции со право на глас и тоа 270450 акции, присутни се акционерите и полномошниците на акционерите со вкупен број на гласови 245837, што преставува 90,89 % од вкупниот број на акции со право на глас во Собранието на Друштвото.-------------------------------------------------
Со оглед дека до одржувањето на Собранието не е поднесен предлог за изменување и дополнување на дневниот ред, како лице кое во името на свикувач го отвори Собранието, Г-дин Мартин Мијовски утврди дека Собранието ќе работи и одлучува по предложениот и објавен за работа на Собранието, па го предложи на усвојување следниот---------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------- **Д Н Е В Е Н  Р Е Д**---------------------------------------------
**I. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**-------------------------------------------------------------------------------
**1.Избор на претседавач и работни тела.**-------------------------------------------------------------
**2. Усвојување Записник од Собранието на акционери од 30.05.2024 година и Записник од Собранието на акционери од 18.06.2024 година,.** ---------------------------------------------------
**II. РАБОТЕН ДЕЛ** -------------------------------------------------------------------------------------------
**Т.1.Преглед на Годишниот Извештај за остварените резултати од работењето на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД - Кавадарци во 2024 година, Финансиските извештаи за работењето за 2024 година, Годишната сметка и резултатите во**

работењето за 2024 година, Ревизорскиот извештај со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2024 година и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2024 година, Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2024 година и Извештај за работењето на членовите на Управниот и на Надзорниот Одбор за 2024 година и донесување на одлуки за следново: ------------------------------------------------------------------------

- Одлука за усвојување на Годишната сметка и резултатите во работењето на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД, - Кавадарци, за 2024 година.---------------------------------
- Одлука за усвојување на Извештајот од контролата на годишната сметка од ревизорската куќа МУР СТИВЕНС Скопје, со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2024 година и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2024 година.----------------------
- Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за резултатите од работењето на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД, - Кавадарци во 2024 година.-----------------------------------
- Одлука за распределба на остварената добивка од работењето на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД, - Кавадарци, за 2024 година.-----------------------------------
- Одлука за усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци, за 2024 година.-----------------------------------------------------------------
- Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор и на Надзорниот одбор на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД, - Кавадарци.--------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Т.2. Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД, - Кавадарци, за 2025 година.-------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Т.3. Донесување на одлука за измена на Статутот на Акционерско Друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА -ТИКВЕШ експорт-импорт АД-Кавадарци.------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Т.4. Донесување на одлука за констатирање истек на мандатот на членовите на Надзорен одбор и избор на членови на Надзорен одбор на Акционерско Друштво за производство и промет на вино ВИНАРСКА ВИЗБА -ТИКВЕШ експорт-импорт АД-Кавадарци.------------------------------------------------------------------------------------------------

Собранието едногласно со 245837гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА, го усвои предложениот дневен ред. --------------------------------------------------------------------------

Се премина на Процедуралниот дел од Дневниот ред--------------------------------------------

## I. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ-----------------------------------------------------------------------

**1. Избор на претседавач и работни тела** -------------------------------------------------------

Г-дин Мартин Мијовски формално го отвори Собранието на акционери на друштвото и премина на точка 1 од Процедуралниот дел од Дневниот ред------------------------------------

**Избор на претседавач и работни тела** ----------------------------------------------------------

Г-дин Миле Бундовски ја предложи Г-а Јелена Каранфилова, за Претседавач на Собранието на акционери. Бидејќи други предлози немаше, Г-дин Мартин Мијовски, го стави предлогот на гласање -----------------------------------------------------------------------------------

Собранието со 245837 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА ја избра Г-а Јелена Каранфилова за Претседавач на Собранието на акционери. ---------------------------------------

Се констатира дека за Претседавач на Собранието на акционери е избрана Г-а Јелена Каранфилова. ----------------------------------------------------------------------------------------

Г-а Јелена Каранфилова, се заблагодари за укажаната доверба. Претседавачот на собранието раководи со работата на седницата на собранието во согласност со Законот и Статутот.------------------------------------------------------------------------------------------------

Избор на бројач на гласови . -------------------------------------------------------------------

Г-дин Миле Бундовски го предложи Мартин Мијовски за бројач на гласови. ---------------------

Собранието со 245837 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА го избра Мартин Мијовски за бројач на гласови. ------------------------------------------------------------------

Избор на записничар ----------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Собранието истакна дека на оваа седница на Собранието е присутен Нотар Ана Дојчиновска од Скопје, односно помошник Нотар Косара Наумовска, кој ќе го води Записникот од оваа седница на Собранието.-----------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија по следната точка од дневниот ред:----------------------------------
**Усвојување Записник од Собранието на акционери од 30.05.2024 година и Записник од Собранието на акционери од 18.06.2024 година.**---------------------------------------------------

Претседавачот праша дали некој се јавува за збор.---------------------------------------------------

Како никој не се јави за збор Претседавачот оваа точка од дневниот ред ја стави на гласање. Собранието со 245837 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА, **го усвои Записникот од Собранието на акционери од 30.05.2024 година и Записникот од Собранието на акционери од 18.06.2024 година.** -------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Се премина на II.РАБОТЕН ДЕЛ**--------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија по **првата** точка од работниот дел од дневниот ред:----------
**Т.1.Преглед на Годишниот Извештај за остварените резултати од работењето на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД - Кавадарци во 2024 година, Финансиските извештаи за работењето за 2024 година, Годишната сметка и резултатите во работењето за 2024 година, Ревизорскиот извештај со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2024 година и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2024 година, Извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2024 година и Извештај за работењето на членовите на Управниот и на Надзорниот Одбор за 2024 година и донесување на одлуки за следново:** ------------------------------------------------------------------------------

- **Одлука за усвојување на Годишната сметка и резултатите во работењето на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД, - Кавадарци, за 2024 година.**----------------------------------
- **Одлука за усвојување на Извештајот од контролата на годишната сметка од ревизорската куќа МУР СТИВЕНС Скопје, со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2024 година и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2024 година.**----------------------
- **Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за резултатите од работењето на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД, - Кавадарци во 2024 година.**------------------------------------

- **Одлука за распределба на остварената добивка од работењето на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД, - Кавадарци, за 2024 година.---------------------------------**
- **Одлука за усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци, за 2024 година.---------------------------------------------------**
- **Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор и на Надзорниот одбор на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД, - Кавадарци.-------------------------**

------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот истакна дека пред одржување на ова Собрание Надзорниот одбор изврши контрола на Годишната сметка, Извештајот на ревозорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје, Извештај на Службата за внатрешна ревизија во ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци за 2024 година и Извештаите на Надзорниот и Управниот одбор, ги разгледа предложените предлог одлуки и донесе Одлука истите да му ги достави на Собранието на разгледување и усвојување. За горното Надзорниот одбор СО ДОПИС ДО СОБРАНИЕТО (прилог кон материјалите за седницата) му предложи на Собранието на акционери да ги усвои предложените одлуки.---------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот истакна дека во врска со оваа точка изготвена е Годишна сметка, Извештај за остварените резултати од работењето за 2024 г., Извештај од извршената контрола на годишната сметка за работењето на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци за 2024 година на ревизорската куќа МУР СТИВЕНС ДОО Скопје (Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2024 г. и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци), Извештај на Службата за внатрешна ревизија во ВВ ТИКВЕШ АД Кавдарци и Извештаите за работа на Управниот и Надзорниот одбор за 2024 г. кои се уредно објавени.---------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот праша дали некој се јавува за збор.--------------------------------------------------

За збор се јави Коце Ивановски – Комерцијален директор на ВВ ТИКВЕШ АД Кавадарци кој посочи дека ќе обрати во име на г-дин Светозар Јаневски.-----------------------------------------

"Почитувани акционери, членови на Надзорниот и Управниот одбор, драги колеги и партнери, Добро утро и добредојдовте на ова Годишно собрание на акционери на Винарската визба Тиквеш. ---------------------------------------------------------------------------

Имам посебна чест да зборувам денес – во име на Претседателот на Управниот одбор, г. Светозар Јаневски, и во име на сите мои колеги, кои секојдневно со ангажман, професионализам и посветеност придонесуваат за тоа што денес го претставуваме како резултат, успех и јасна визија за иднината Ова не е само обврска согласно деловниот календар. Ова е момент кога е потребно да ја погледнеме работата на една цела организација, на луѓе кои се посветени не само на бројките, туку на вредностите што ги претставуваме како бренд, како компанија и како тим. Tikveš денес не е само винарија. Tikveš е систем, емоција и амбиција која се протега низ регионот, но и надвор од него. Секој наш вработен, од лозарството до финансиите, секој извозен пазар, секој купувач кој се одлучил да го избере нашето вино – се дел од оваа поголема слика што ние денес ја презентираме со гордост. 2024 беше година која ќе ја паметиме – и по предизвиците, и по резултатите. Времето нè тестираше: екстремни температури, послаба берба, глобални нарушувања во синџирите на снабдување, раст на цените, законски промени... Но, како што велат – квалитетот не се гледа кога е лесно, туку токму тогаш кога е најтешко. А Тиквеш не само што издржа – туку растеше, инвестираше и се трансформираше. Финансиски и продажни резултати – или што навистина постигнавме Почитувани, Остваривме вкупни приходи од 58,4 милиони евра – раст од 14,9% во споредба со 2023 година. Тоа значи дека не само што се адаптиравме, туку успеавме и да растеме дури и во средина која не беше

баш „винска идила". Нето добивката достигна 4,8 милиони евра – раст од 3%, додека EBITDA порасна за 8,6%. Тоа не се само подобри маргини – тоа е доказ за дисциплина, ефикасност и способност да менаџираме комплексни системи. На домашниот пазар, продажбата достигна 25,4 милиони евра, со силна динамика и стабилна основа. Но уште поважно – на регионално и меѓународно ниво имавме раст што вреди да се спомене. Во Западен Балкан, растот изнесуваше 18,8% во вредност, пред сè благодарение на зголеменото присуство во HoReCa сегментот и подлабока соработка со клучни партнери во Србија, Хрватска и Босна и Херцеговина. Извозот порасна за 3,5% во волумен, но за 18,3% во вредност. Тоа значи дека нашата стратегија да преминеме од квантитет кон квалитет – функционира. Просечната цена по литар расте, брендот Tikveš ја гради својата премиум репутација, а вината од тероар серијата имаат врвна репутација на сите пазари од регионот и пошироко. Продажбата на премиум вина достигна 5,1 милион евра – раст од 21%. Не зборуваме повеќе само за вино – туку за вредност, автентичност и приказна што ја нудиме на глобалниот потрошувач. Инвестиции што ја креираат иднината Во 2024 година инвестиравме 4,1 милион евра. Ова не се само капитални трошоци – ова се темели за иднината. Најзначаен проект е новата автоматизирана линија за флаширање, со капацитет од 12.000 шишиња на час – со што го подигнавме не само производниот капацитет, туку и конзистентноста и квалитетот. Истовремено инвестиравме и во лозарството, во дигитални алатки, во аналитика и во нови системи за следење и донесување одлуки – бидејќи модерна винарија денес не завршува само во визбата. Таа почнува од лозје и завршува на полицата, во искуството на потрошувачот. Одржливост – не затоа што е модерно, туку затоа што е неопходно 2024 беше и годината кога Тиквеш го објави својот прв ESG извештај. Тоа не е само формалност – тоа е став. Добивме сребрен сертификат од IWCA за намалување на $CO_2$ емисиите по литар за 21%. Целосно ја елиминиравме пластиката од пакувањето на брендот Tikveš, преминавме на 100% рециклирана хартија за етикетите, и инвестиравме во обновливи извори на енергија. Овие чекори не се за слика – тие се за одговорност. За сите нас, и за интегритетот на брендот кој полека преминува од регионален во глобален. Признанија, бренд и присуство Tikveš во 2024 освои 92 меѓународни награди. Не ги спменуваме за пофалба – туку за потврда дека она што го правиме е квалитетно, доследно и препознатливо. Нашите вина добија признанија на Prowein, Vinitaly, Wine Vision, но уште поважно – добиваат лојалност од потрошувачите на сите 25 и повеќе пазари каде што сме присутни. Што следува? Следниот чекор е јасен: • Понатамошна премиумизација на портфолиото • Диверзификација на пазарите и каналите • Дигитализација во лозарството, маркетингот и логистиката • Постојано усогласување со ESG, квалитативни и етички стандарди Поглед кон 2025 и понатаму Веќе сме речиси на половина од 2025 година – година која и самата носи своја комплексност. Турбуленции во регионот, зголемени политички и економски тензии, продолжена инфлација и нестабилни пазари – сето тоа создава дополнителен притисок врз деловното опкружување. Сепак, Tikveš и оваа година покажува стабилност и зрелост во управувањето. Од самиот почеток на годината, успешно навигираме низ сите предизвици, со јасен фокус, храбри одлуки и посветен тим. Како и многупати досега, отпорноста е нашата најголема предност. Не се плашиме од турбуленции – напротив, ги гледаме како можност за понатамошен раст и мотив да бидеме поагилни, поиновативни и посилни. Продажните резултати за првата половина од 2025 се позитивни. Го зацврстуваме нашето водечко пазарно место во Македонија и Србија, а истовремено го зголемуваме уделот на пазарите во сите останати земји од регионот. Тоа е јасен сигнал дека нашата стратегија функционира, и дека потрошувачите сè повеќе препознаваат вредност,

квалитет и автентичност. Ликвидноста останува предизвик, делумно поради притисокот за авансни исплати кон лозарите. И покрај сето тоа, очекуваме 2025 да ја завршиме со стабилни резултати и натамошно јакнење на нашата пазарна позиција. Продолжуваме со инвестиции, со фокус на премиум сегментот, нови извозни пазари и уште поголема ефикасност. Имаме јасна амбиција – Tikveš да биде не само лидер во регионот, туку и репер за одржлив, модерен и успешен вински бизнис на глобално ниво. Оваа винарија не се води по инерција – туку по стратегија и јасна визија. А најдобрата потврда за тоа сте токму вие, со вашата доверба, со вашето учество, и со вашето трпение да созреваме – исто како едно големо вино. Благодарам на секој вработен, на секој партнер, на секој акционер и на секој лозар што верува во Tikveš и нашата визија. “ ------------------------------------------------------------

За збор се јави Марковски Горан кој праша зошто не се дели дивиденда? --------------------------

На ова прашање одговор даде Оливера Ставрова Раководител на сметководство и финансова оператива. ----------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот праша дали некој друг се јавува за збор-------------------------------------------

Како никој не се јави за збор на Претседавачот предложи Собранието да ги донесе следните:------------------------------------------------------------------------------------------------------

- **Одлука за усвојување на Годишната сметка и резултатите во работењето на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД, - Кавадарци, за 2024 година.-----------------------------------**
- **Одлука за усвојување на Извештајот од контролата на годишната сметка од ревизорската куќа МУР СТИВЕНС Скопје, со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2024 година Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2024 година.---------------------**
- **Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за остварените резултати од работењето на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД, - Кавадарци во 2024 година.-------------**
- **Одлука за распределба на остварената добивка од работењето на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД, - Кавадарци, за 2024 година.-------------------------------------------------**
- **Одлука за усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија во ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци, за 2023 година.----------------------------------------------------------------**
- **Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор и на Надзорниот одбор на ВИНАРСКАТА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД, - Кавадарци, за 2024 година.--**

Претседавачот посочи дека Одлуките секоја посебно ќе бидат ставени на гласање, а за донесување на одлуките секоја посебно согласно Статутот потребно е мнозинство од акциите со право на глас претставени на собранието или 135.226 гласови бидејќи со закон и со статутот не е определено поголемо мнозинство или не се пропишани други услови во поглед на мнозинството со кое што се донесуваат одлуките на Собранието.--------------------------

- **Кој е ЗА донесување на предложената Одлука за усвојување на Годишната сметка и резултатите во работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД, - Кавадарци, за 2024 година.------------------------------------------------------------------------------------------------------**

Собранието со 245837 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА, ја донесе **Одлуката за усвојување на Годишната сметка и резултатите во работењето на ВИНАРСКА ВИЗБА ТИКВЕШ, АД, - Кавадарци, за 2024 година. ----------------------------------------**

**Прилог Одлука -------------------------------------------------------------------------------------------------**

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

- **Кој е ЗА донесување на предложената Одлука за усвојување на Извештајот од контролата на годишната сметка од ревизорската куќа МУР СТИВЕНС Скопје, со содржани Конечни ревидирани посебни извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за**

**2024 и Конечните ревидирани консолидирани извештаи за ВВ ТИКВЕШ АД - Кавадарци за 2024 година.**-----------------------------------------------------------------------------------
